**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**Komisioni Rregullator për Banim**

**До:** ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС ДООЕЛ Дебар
Ул.”8-ми Септември” бр.22
1250 Дебар

**Наш број:** Уп.08-06
**Дата:** 14.02.2022 г

**Предмет:** Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) и врз основа на член 3 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето и дополнување на барањето на ”ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС” ДООЕЛ Дебар, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 14-02-2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На ”ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС” ДООЕЛ Дебар, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата ”ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС” ДООЕЛ Дебар, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

”ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС” ДООЕЛ Дебар, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со наш бр.Уп08-06 од 02.02.2022 година, и дополнување на Барање со наш бр.Уп08-06 од 08.02.2022 година за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација  во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Тековна состојба на вистински сопственици на субјект
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник  и за две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање и дополнување на барањето со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека "ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС" ДООЕЛ Дебар, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020).

На ден 14.02.2022г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на "ФРЕШ МЕНАГМЕНТ СЕРВИС" ДООЕЛ Дебар".

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска